# ЗАКОН ЗА ИЗМЕНУВАЊЕ И ДОПОЛНУВАЊЕ НА ЗАКОНОТ ЗА УПОТРЕБА НА ЗНАКОВНИОТ ЈАЗИК

**Сл. Весник на Р. Македонија, бр.150 од 02.09.2015 година**

**Член 1**

Во Законот за употреба на знаковниот јазик ("Службен весник на Република Македонија" број 105/2009), членот 23 се менува и гласи:
„Глоба во износ од 200 до 300 евра во денарска противвредност ќе се изрече на физичко лице толкувач, ако се утврди дека ги крши должностите при толкувањето, како и службената должност од членот 12 од овој закон."

**Член 2**

Членот 24 се менува и гласи:
„Глоба во износ од 2.000 евра во денарска противвредност ќе се изрече за прекршок на правното лице од членот 5 од овој закон.
Глоба во износ од 30% од одмерената глоба за правното лице од ставот 1 на овој член ќе му се изрече за прекршок на одговорното лице во правното лице ако не му се му обезбеди на глувото и наглуво лице толкувач."

**Член 3**

По членот 24 се додава нов член 24-а, кој гласи:

**„Член 24-а**

Одмерувањето на висината на глобата за правните лица се врши согласно Законот за прекршоците."

**Член 4**

Членот 25 се менува и гласи:
„За прекршоците утврдени во членовите 23 и 24 од овој закон, инспекторот е должен на сторителот на прекршокот да му издаде прекршочен платен налог, согласно Законот за прекршоците.
Доколку сторителот го прими прекршочниот платен налог, истиот треба да го потпише.
Примањето на прекршочниот платен налог од сторителот на прекршокот се забележува во записник.
Во записникот од ставот 2 на овој член се утврдува начинот на кој ќе се отстранат штетните последици од прекршокот, како и начинот на надминување на последиците од сторениот прекршок.
Кога како сторител на прекршок се јавува правно лице, записникот и прекршочниот платен налог ги потпишува одговорното лице во правното лице или од него овластено лице.
Инспекторот е должен да води евиденција за издадените прекршочни платни налози и за исходот од покренатите постапки.
Во евиденцијата од ставот 5 на овој член се собираат, обработуваат и чуваат следните податоци: име и презиме, односно назив на сторителот на прекршокот, живеалиште, односно престојувалиште, седиште, вид на прекршокот, број на прекршочниот платен налог кој му се издава и за исходот на постапката.
Личните податоци од ставот 6 на овој член се чуваат пет години од денот на внесување во евиденцијата.
Министерот за труд и социјална политика ги пропишува формата и содржината на прекршочниот платен налог."

**Член 5**

По членот 25 се додава нов член 25-а, кој гласи:

**„Член 25-а**

Прекршочната постапка за прекршоците предвидени во овој закон ја води и прекршочни санкции изрекува надлежниот суд.‟

**Член 6**

Подзаконскиот акт чие донесување е утврдено со овој закон ќе се донесе во рок од 30 дена од денот на влегувањето во сила на овој закон.

**Член 7**

Се овластува Законодавно - правната комисија на Собранието на Република Македонија да утврди пречистен текст на Законот за употреба на знаковниот јазик.

**Член 8**

Овој закон влегува во сила со денот на објавувањето во „Службен весник на Република Македонија”.